**Известување за концентрација помеѓу МК Груп д.о.о., Србија и Викториа Груп а.д., Србија**

**(предмет бр. 08-90/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.11.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на друштвото МК Груп д.о.о. Белград (MK Group d.o.o.Beograd), со седиште на адреса Булевар Михајло Пупин 115е, Белград, Република Србија, над Викториа Груп а.д. Белград (Victoria Group a.d. Beograd), со седиште на адреса Булевар Михајло Пупин 115б, Белград, Република Србија,и неговите зависни друштва.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**МК Груп д.о.о. Белград** е холдинг друштво во состав на МК Групата. Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка,  и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. МК Групата покрај тоа тргува со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја...). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

МК Групата нема зависни друштва регистрирани во Северна Македонија.

**Викториа Груп а.д.** Белград е една од водечките компании во Србија активна во агроиндустријата, чија основна дејност е трговија и преработка на маслодајно семе. Во рамки на групацијата на Викториа Груп работат следниве компании: Сојапротеин (Sojaprotein), Викториа оил (Victoriaoil), Викториа Логистик (Viktoria Logistic), Лука Бачка Паланка (Luka Bačka Palanka), Ветеринарски завод Суботица (Veterinarski zavod Subotica), СП лабораторија (SP laboratorija) и Викториа Старч (Victoria Starch).

Викториа Груп а.д. Белград нема зависни друштва регистрирани во Северна Македонија.

Подносителот смета дека дефиницијата на релевантниот пазар на стоки може да се дефинира како трговија на големо со растително масло за јадење на територијата наРепублика Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.11.2019 година
Скопје